PRESS TO EXIT GALLERY

Гордана Даутовска Поповска

# [дишење]

11.-20.03.2004
отворање, четврток 11.03.2003, 20:30ч.

Проектот на Гордана Даутовска Поповска **[дишење]** започна со мислата на Силвија Плат (Syivia Plath) - "...Невозможно е да бидеш Бог или универзална жена-и-маж... Сакам најцелосно да го изразам своето суштество, зашто од некаде ја собрав идејата, дека така можам да го оправдам животот... Не можам да се задоволам со колосалната задача на простото живуркање."

Гордана Даутовска Поповска ја продолжува работата на веќе постоечкиот концепт кој го развива во изминатите неколку години. Во овој проект авторката истражува и комбинира различни простори и медиуми, галериски и јавни. Таа ги поврзува со својот концепт, ме(и)нувајќи (се) низ нив. Ја движи, развива и репетира сликата за да ги нагласи моментите на спознанието. Говори за симбиозата помеѓу телото, свеста, просторот, нагласувајќи ги промените како неизоставен дел на постоењето. Дишењето се појавува како метафора на живеењето. Нејзиното тело е момент, движење, спознание, нераздвоен дел од просторот и времето - живот.

Оваа прва изложба го означува почетокот на долгорочниот проект **АртСпот** за децентрализација на уметноста и развивање на нови идеи и концепти преку експериментирање и истражување во различни медиуми и простори. Целиот проект е иницииран од страна на ЛОКОМОТИВА - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата.

**АртСпот** се стреми кон создавање нови урбани пејзажи и креирање нова јавна мапа преку презентирање на уметнички дела вон традиционалните простори, на јавни места, локации, области и медиуми. **АртСпот** поддржува иновации и експериментирање во уметноста, и создава можности уметниците да ги креираат своите дела во различни средини низ земјата, истовремено зголемувајќи ја публиката на современа уметност. Овој долгорочен проект нуди пристап до уметноста на нашето време - отстранувајќи ги пречките пред достапноста и застапеноста на современата уметност, овозможувајќи им на уметниците да ја прошират својата артистичка пракса во други простори. **АртСпот** цели кон освојување и одбележување на различни јавни места како **АртСпот** (точки за уметност).

**Проектот е поддржан од**: Швајцарска програма за култура во Македонија, Центар за Современи уметности како логистичка поддршка на ЛОКОМОТИВА.
**Спонзори на изложбата**: Индиго- маркетинг агенција, Еуролинија и МедиаПаблик.

**PRESS TO EXIT Gallery**
Pro Helvetia Skopje
Swiss Cultural Programme Macedonia
c/o Embassy of Switzerland
Maksim Gorki 19
MK 1000 Skopje

T + 389 2 3290318 / 3290314
E presstoexit@on.net.mk

**Гордана Даутовска Поповска** е родена во Куманово, 1970 год. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на Димитар Малиданов, на одделот за графика и графички дизајн, во 1994 год. Магистрирала на Академијата за ликовни уметности во Белград во 1998 година, во калсата на профессор Велизар Крстиќ на одделот за графика.

Самостојни изложби:
2002 - Куманово, Уметничка галерија:
1998 - Белград, Галеријата Графички колектив:
1998 – Куманово, Уметничка галерија:

Учествувала на групни интернационални изложби на графика од 1994 до сега во Јапонија, Италија, Шпанија, Југославија, Бугарија, Грција, Франција.

Награди:
1993 – "Д. Аврамовски – Гуте" - награда за најдобар студент - графичар
1994 – Награда на Универзитетот за надобар дипломиран студент
1995 – "26 Јули" - награда од Х. Манинг Фондацијата (В. Британија)
1998 – "Лазар Личеноски" - награда на седмиот Зимски салон
2002 – "Мијачки зографи" - награда н а деветиот Зимски салон

ЛОКОМОТИВА
lokomotiva
new initiative

LOKOMOTIVA
**Center for new initiatives in the arts and culture**
Resurce center of LOKOMOTIVA - Contemporary Art Center:Kurshumli An, Kurciska b.b.1000 Skopje, Macedonia
tel. +389.2/ 310 96 83; tel./fax +389.2/313 35 41; e-mail: bljace@scca.org.mk